***Комора на проценувачи на Р.С.Македонија***

# Процедури

**за поднесување Барање, потребна докуменатција и доказ за извршени уплати за упис во Регистарот „РЕВ проценувач“ при Комората на  проценувачи на РСМ и за првично издавање потврда и печат за стекнат статус „РЕВ проценувач”**

**ДЕЛ 1 : Основни информации**:

| | |
|---|---|
| **Адреса на канцеларијата на Комората на проценувачи на РСМ** | ул.Македонија бр.47/2, Скопје, Центар<br>во близина на плоштад „Македонија“ |
| **Е-маил** | contact@komoranaprocenuvaci.mk |
| **Телефони** | +389 2 3151 477 / +389 72 251 407 / +389 72 251 408 |
| Поднесување на Барање, потребна докуменатција и доказ за извршени уплати за упис во Регистарот „РЕВ проценувач“ при Комората на проценувачи на РСМ и за првично издавање потврда на англиски и на македонски јазик и печат за стекнат статус „REV проценувач“. | |
| | |
| **Прималел** | Комора на проценувачи на РСМ |
| **Адреса** | ул.Македонија бр.47/2, Скопје, Центар |
| Работно време на канцеларијата за поднесување на документи од  10.00 до 14.00 часот | |
| Да се извршат потребните плаќања, согласно Тарифата - Финансиски односи што се применуваат за проценувачите, во однос на стекнување/стекнат статус на овластен „REV проценувач“ | |
| **Банка** | Комерцијална банка АД Скопје |
| **Трансакциона сметка** | 300-0000035455-80 |
| Барателот добива известување од Комората на проценувачи на РСМ за прифатено барање по пошта  и по е-маил. | |

**ДЕЛ 2: Информации за потребна документација**

Заинтересираниот кандидат треба да ја достави следната документација (точки од 1 до 9):

1. **Своерачно потпишано Барање за кандидат за добивање на статус „РЕВ проценувач” – Образец 1 со прилог список на 20 извештаи за процена;**

Кон ова барање се приложува список на минимум 20 (дваесет) извештаи за процена (напишан во слободен формат), изготвени во последните 2 (две) години.

Во списокот кандидатот не треба да наведува доверливи информации, туку поединечно за секој извештај за проценка да се наведат :

- катастарската општина,
- површините на објектот и/или посебните делови на објектот,
- намената на објектот и/или намената на посебниот дел на објектот и
- датумот на извештајот за процена

**Напомени:**
- Списокот на 20 (дваесет) извештаи за процена се доставува како доказ дека кандидатот е ангажиран и активно работи проценки на недвижен имот.
- Доколку Комисијата за сертификација на проценувачи за стекнување на статус „РЕВ проценувач“, одлучи во текот на процесот на сертификација дека има потреба, ќе биде побарано од кандидатот да достави некој/некои од наведените извештаи за процена од доставениот список.

2. **Копија од Диплома за високо образование - заверена на нотар;**

Важно: во случај на високо образование стекнато во странски високи училишта, дополнително е потребно:
- превод на македонски јазик на диплома за високо образование стекната во странски високи училишта;
- сертификат (акредитација) за признавање на високо образование стекнато во странски високообразовни установи.

3. **Копија од Уверение за положен стручен испит за проценувач, издадено од надлежното Министерство, во согласнот со Законот за процена;**

4. **Оригинал Уверение дека на проценувачот со правосилна одлука не му е изречена забрана за вршење професија, дејност или должност додека трае забраната** (се прифаќа и електронски извадено уверение);

**Напомена:** Уверението дека на проценувачот со правосилна одлука не му е изречена забрана за вршење професија, дејност или должност додека трае забраната може да се извади лично во Централниот регистар или на следниот линк https://uslugi.gov.mk/ , во делот на Лични документи и исправи --> Останати реални акти --> Потврда дека не е изречена прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност - физичко лице

5. **Изјава  - Образец 2;**

6. **Изјава - Образец 3;**

7. **Копија од платен налог за извршени уплати, согласно Тарифата што се применува за проценувачи, за стекнување/стекнат статус на овластен „REV проценувач";**

**Напомена:** При почетно поднесено барање се врши уплата само на износите од редните броеви 1 и 2 од Тарифата – Финансиски односи, применливи за проценувачи, во врска со стекнување/стекнат сертифициран статус REV од 12.07.2024 година;

8. **Копии од сертификати за учество на квалификациски настани во последните 5 (пет) години (доколку се достапни);**

9. **Тековна биографија, со детали за професионални докази за неговиот ангажман и достигнувања на професионален план како проценувач - лично потпишан.**

10. **Допис до комората (во слободна форма) со наведени контакт податоци на кандидатот**

    **- полно име и презиме**
    **- контакт телефон**
    **- контакт адреса**
    **- контакт е-маил**

**ДЕЛ 3: Информации за постапката за пријавување на кандидати**

**<u>Важна напомена:</u>**
Со цел на спроведување на квалитетна обука бројот на кандидатите е лимитиран на 25 (дваесет и пет) кандидати.

Принциот на селекција на пристигнатите пријави ќе биде „*прв дојден прв услужен*” под услов кандидатот да ги има доставено сите потребни документи.

Времето на достава ќе се смета времето кога маилот е примен во комората.

Комисијата за сертификација на проценувачи за стекнување на статус „РЕВ проценувач“ е надлежна за утврдување на редоследот на пристигнатите пријави и секој незадоволен кандидат има право да поднесе приговор во слободна форма до Комисија.

1. **Рокови**

Овој повик се објавува на ден 02.09.2024 година (понеделник).

Рокот за достава на барањето заедно со потребната документација е до 16.09.2024 година (понеделник) до 24 часот на полноќ.

2. **Начин на достава**

Барањето заедно со пропратната документација треба да се достават и по електронски пат и по пошта.

**<u>Прво</u>**

се доставуваат електронски на следниов маил:

contact@komoranaprocenuvaci.mk

поради утврдување на редослед на пристигнување на пријавите.

**<u>Потоа</u>**

истата документација (барањето заедно со потребната документација) <u>се доставуваат и по пошта</u> на следната адреса:

**Комора на проценувачи на Р.С.Македонија**
**ул.Македонија бр.47/2, Скопје, Центар**

<u>или се доставува лично</u> во просториите на Комората на проценувачи на Р.С. Македонија од 10.00 до 14.00 часот

**ДЕЛ 4: Информации за процедурата за стекнување на сертификатот ,,РЕВ проценувач,,**

1. Кандидатот треба да поднесе Барање (образец бр.1) заедно со потребната документација најдоцна до 16.09.2024 година (понеделник) до 24 часот на полноќ.
   Барањето заедно со потребната докуменатција треба да биде доставена ПРВО на маил, а потоа и по пошта или лично во комората.

2. После изминување на рокот за достава на пријавите со потребната документација Комисијата за сертификација на проценувачи за стекнување на статус „РЕВ проценувач" ги разгледува пристигнатите пријави и ги проверува приложените документи по што во рок од 3 (работни дена), Комората на проценувачи објавува список на прифатени кандидати.

3. Во периодот од 03.10.2024 година до 08.10.2024 година ќе биде организирана задолжителна обука за прифатените кандидати на локација во Скопје (за локацијата како и за програмата ќе бидат дополнително известени прифатените кандидати).

4. По завршената обука кандидатите ќе имаат определено време до 08.11.2024 година да доставаат до Комисијата за сертификација на проценувачи за стекнување на статус „РЕВ проценувач" 2 (два) извештаи за процена на недвижен имот по ЕВС стандардите изготвени лично од кандидатот (со избришани доверливи податоци).

5. Потоа во рок од 15 дена (терминот ќе биде дополнително утврден од страна на Комисијата) кандидатот кој претходно доставил 2 (два) извештаи за процена на недвижен имот по ЕВС стандардите, ќе биде повикан од страна на Комисијата на интервју за да одбрани 1 (еден) од претходно доставените извештаи по негов избор.
   Комисијата го задржува правото на кандидатот да му бидат поставувани прашања и од вториот извештај за процена кој што претходно го доставил кандидатот.
   Исто така, комисијата го задржува правото од кандидатот да бара да достави и некој/некои од 20-те извештаи за процена кои што кандидатот ги навел во спискот доставен заедно со Барањето.

6. Доколку Комисијата оцени дека кандидатот ги исполнил сите услови, донесува одлука за доделување статус на „РЕВ проценувач" во рок од 3 (три) дена.

7. Комисијата има право да го одбие барањето на кандидатот, за што донесува одлука за отфрлање на доделување на статус „РЕВ проценувач" во рок од 3 (три) дена.

8. Незадоволниот кандидат од одлуката за отфрлање на доделување на статус „РЕВ проценувач" има право на приговор во кој треба да бидат наведени оправдани причини и приговорот треба да се достави во рок од 3 (три) дена од прием на одлуката до Комисијата. Со приговорот може само да се оспори регуларноста на постапката за сертификација.

9. Комисијата има обврска да го разгледа приговорот на незадоволниот кандидат и да донесе одлука во однос на приговорот во рок од 3 (три) дена.

**10.** Доколку Комисијата го прифати приговорот на кандидатот, Комисијата има право да ја измени претходно донесената одлука.

**11.** Кандидатите за кои ќе биде донесена одлука за отфрлање на доделување на статус „РЕВ проценувач” имаат право повторно да поднесат барање во следната сесија, при што нема да имаат обврска за уплата на ставката под реден број 1 од Тарифата– Обука со подготовка за сертифицирање за статус „РЕВ проценувач” туку треба само да извршат уплата на ставката под реден број 2 од Тарифата-Еднократна уплата - услов за поднесување Барање за стекнување на статус „РЕВ проценувач“, вклучително испитување, проверка на потребните документи, евалуација на доставените извештаи за процена, спроведување интервју и изготвување заклучок.

Образец 1

***Комора на проценувачи на Р.С.Македонија***

# Б А Р А Њ Е

**од кандидат за добивање на статус „РЕВ проценувач“**

**Од**: ..........................................................................................

име и презиме

**ЕМБГ** : ......................................

Јас, долупотпишаниот, изјавувам желба да бидам примен да аплицирам за статусот „РЕВ проценувач“.

Со ова изјавувам дека приложените потребни документи се со вистинска содржина, за што јас сум лично одговорен.

Изјавувам дека во последните две години подготвив минимум 20 (дваесет) извештаи за процена и по барање можам да ги доставам.

Како потврда, приложувам список на извештаи за проценки како додаток на ова барање (слободен формат), со информации за видот и карактерот на проценетите објекти/имоти и датумот на извештајот за процена.

Со ова изјавувам дека на Комората на проценувачи на РСМ давам право да ги обработува и чува моите лични податоци во врска со документите и декларациите доставени од мене.

Свесен сум дека сум одговорен за давање неточни податоци според Кривичниот законик.

Датум: ..............................година

Изјавил: ....................................

потпис

(.............................................................)

име и презиме

Образец 2

***Комора на проценувачи на Р.С.Македонија***

## **И З J А В А**

Јас, долупотпишаниот: .......................................................................

(име и презиме)

ЕМБГ...........................................

во врска со Барањето бр.1 за за кандидат за добивање на статус „РЕВ проценувач“ “

## **ИЗЈАВУВАМ ДЕКА**

 Ќе го почитувам Кодексот за професионална етика на проценувачи на Комората на проценувачи на РСМ, како и Кодексот на професионалната етика, правилата и нормите на однесување на независни проценувачи, овластен и стекнат статус „РЕВ проценувач”;

 Ќе ги почитувам сите барања на TEGoVA, Комората на проценувачи на РСМ, вклучително и Тарифник - Финансиски односи, кои се применуваат за проценувачи со статус „REV проценувач“

Датум: ..............................година

Изјавил: ....................................

потпис

(............................................................)

име и презиме

Образец 3

***Комора на проценувачи на Р.С.Македонија***

# **И З Ј А В А**

Јас, долупотпишаниот: ...................................................................................

(име и презиме)

ЕМБГ............................................

во врска со Изјавата бр.1 за кандидат за добивање на статус „РЕВ проценувач“ и согласно член 21 од Законот за процена

## **ИЗЈАВУВАМ ДЕКА**

☐ со правосилна одлука не ми е изречена забрана за вршење професија, дејност или должност додека трае забраната

☐ истече периодот за кој со правосилна одлука ми беше изречена забрана за вршење професија, дејност или должност

/избери една од двете опции/

Датум: ..............................година　　　　Изјавил: ....................................

потпис

(............................................................)

име и презиме